**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

# НЕВРОПСИХИЈАТРИЈА СО НЕГА

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

**IV ГОДИНА**

***ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА***

***Медицинска сестра***

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

### 1.1. Назив на наставниот предмет: Невропсихијатрија со нега

### 1.2. Образовен профил и струка на кои им припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: Медицинска сестра
1.2.2. Струка: Здравствена

### 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1.Карактеристичен за образовниот профил

### 1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Четврта година

### 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

### 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

На крајот на образовниот процес ученикот ќе може:

- да ги објаснува невролошките болести и психијатриските растројства;
- да ги разграничува и дефинира термините околу диференцијално дијагностичките можности;
- да ја коментира поврзаноста со другите гранки на медицината;
- да ги познава ургентните состојби во неврологијата и психијатријата;
- да ги опишува клиничките слики во неврологијата и психијатријата;
- да ги познава основните дијагностички и тераписки техники :
- да применува медицинска терминологија;
- да применува соодветна нега кај пациенти со невролошка болест и ментално растројство;
- да комуницира на соодветен начин во областа на менталното здравје
- да применува професионални етички стандарди во вршењето на професионалната работа со невролошки и психијатриски пациенти.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на зацртаните цели, потребни се претходни знаења од анатомија , физиологија, патологија, психологија, основни принципи на здравствена нега со основи на фармакотерапија, внатрешни болести со нега, како заеднички предмети во курикулумот на струката и предмети карактеристични за образовниот профил.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели *Ученикот:* | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ГЛАВНИ ПСИХИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ (СИМПОТОМИ И СИНДРОМИ) НА МЕНТАЛНИТЕ РАСТРОЈСТВА** | **8** | Дефинира поим на растројство;<br>-да објаснува растројства по одделни психички функции: забележување, внимание, памтење, мислење, интелегенција, емоции, нагони, волја, моралност, свест. | Активности од типот на :<br>-објаснување;<br>-презентација на слики, графофолии;<br>-играње на улоги;<br>-работа во групи;<br>-дискусија и мисловно бранување;<br>-ученик-предавач. | Анатомија<br>Физиологија<br>Биологија<br>Психологија |
| **2. ПСИХИЧКИ РАСТРОЈСТВА** | **18** | -ги класифицира клиничките форми на : шизофренија, афективни растројства, перманентни налудничави растројства, анксиозни, психофизиолошки растројства, растројства на личноста, мозочен органски психосиндром, болести на зависност и психопатологија на детската возраст;<br>-ги познава етиолошките фактори на душевните растројства;<br>-ги идентификува етиопатогенетските фактори; | -објаснување;<br>-презентирање на видеоматеријал, графофолии;<br>-работење во групи;<br>-дискусија и мисловно бранување;<br>-донесување заклучоци;<br>-активност:ученик - предавач | Анатомија<br>Физиологија<br>Заразниболести<br>Внатрешни болести<br>Педијатрија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -ја познава клиничката слика;<br>ги набројува дијагностичките критериуми и ги поврзува со другите болести- диференцијално дијагностички;<br>- ја познава еволуцијата и прогнозата на душевните болести. | | |
| **3. МЕНТАЛНО ЗДРАВА ЛИЧНОСТ** | **2** | -ги осознае методолошките проблеми на психичката нормалност;<br>-ги идентификува цртите на личноста кои претставуваат елементи на нормалност | -објаснување;<br>-презентирање на графофолии;<br>-поставување на прашања и дискусија;<br>-резимирање и донесување заклучоци;<br>-изготвување пораки. | Психологија |
| **4. ИТНИ СОСТОЈБИ ВО ПСИХИЈАТРИЈА-ТА И ТЕРАПИЈА** | **7** | -го осознае ризикот од самоубиства и потенцијална опасност за околината;<br>-препознава акутни психотични болести и најчестите начини на манифестирање на болестите;<br>-ја познава терапијата во психијатријата: психотерапија, окупациона терапија, биолошка терапија (електроконвулзивна и психофармакотерапија); | -објаснување;<br>-аудиовизуелна презента-ција;<br>-демонстрација;<br>-одредување на работни групи и работење во група;<br>-дискусија, мисловно бранување;<br>- практицирање, резимирање, донесување заклучоци и пораки. | Психологија<br>Фармакологија<br>Кодекс на етика на здравствени работници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -осознае  ефективно и соодветно комуницирање со пациенти;<br>-применува критериуми за хоспитализација и третирање на сериозно ментално болни пациенти против нивната волја со цел да го заштити пациентот;<br>-ја поврзува патологијата на менталните болести со нивна превенција;<br>-ја осознае работата на интервенција и превенција на кризни состојби и ја опишува активноста од областа на превенција на ризично однесување кај младите;<br>-ги опишува принципите на организација на психијатриската служба. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. КАРАКТЕРИ-СТИКИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ (ЦЕНТРАЛЕН, ПЕРИФЕРЕН И АВТОНОМЕН)** | **8** | -ги опишува анатомските карактеристики на нервниот систем;<br>-ја објаснува физиологијата и ги идентификува хистопатолошките промени на нервниот систем;<br>-ги разбере биохемиските процеси во нервниот систем;<br>и ги осознае главните невролошки манифестации на невролошките болести;<br>-ги поврзува факторите на ризик со појавата на одделни невролошки болести;<br>-ги познава дијагностичките методи и ги објаснува нивните индикации. | -објаснување;<br>-презентирање на слики, графофолии, модели, видеоматеријал;<br>-дискусија, бранување на идеи;<br>-поставување на прашања;<br>- резимирање и донесување заклучоци со активно учество на учениците. | Заразни болести;<br>Хируршки болести со нега (неврохирургија)<br>Педијатрија со нега<br>Основни принципи на здравствена нега со основи на фармакотерапија |
| **6.СПЕЦИЈАЛНА НЕВРОЛОГИЈА** | **21** | -ја познава етиологијата, класификацијата, клиничката слика, еволуцијата и текот на одделни невролошки болести;<br>-ја познава диференцијалната дијагноза и терапија на одделните невролошки болести( цереброваскуларни, тумори, воспалителни болести, демиелизациони болести, дегенеративни болести и болести на периферниот | -поставување на прашања за проверка на претходно стекнати знаења;<br>-објаснување;<br>-презентирање на слики, графофолии, модели, видеоматеријал;<br>-насочена дискусија;<br>-бранување на идеи;<br>-резимирање, донесување заклучоци со активно учество на учениците. | Хируршки болести со нега-неврохирургија;<br>Основи на фармакотерапија;<br>Педијатрија со нега,<br>Заразни болести со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | нервен ситем, мијастенија гравис, епилепсија главоболка, трауматски болести);<br>-ја објаснува медикаментоз-ната и физикална терапија;<br>-ја разбира тежината на невролошките болести и соочувањето на пациентото со различен степен на инвалидност. | | |
| **7. ИТНИ СОСТОЈБИ ВО НЕВРОЛОГИЈАТА** | **2** | -ги идентификува итните состојби( епилептичен напад и статус , крвавења во мозокот со голем ризик кај субдурален хематом, респираторна декомпензација мијастенија гравис, разни видови коматозни состојби);<br>-го познава начинот на згрижување на овие состојби;<br>-ја објаснува тераписката интервенција. | -објаснување;<br>-прикажување на графофолии, слајдови, видеоматеријал;<br>-симулирање на ситуации за брза интервенција преку играње на улоги;<br>-поставување на прашања, резимирање, донесување заклучоци со активно учество на учениците. | Внатрешни болести со нега<br>Заразни болести со нега<br>Хируршки болести со нега |

## 4. 2. Наставни методи и активности на учење

Основни методи што ќе се користат во наставата невропсихијатрија со нега се: насочена дискусија, објаснување, предавање, демонстрација, играње улоги, работа во групи,

Активности на ученикот: слуша, набљудува, размислува, објаснува, дискутира, прибележува поими, самостојно открива.

Активности на наставникот: планира, организира, објаснува, демонстрира, дискутира, поставува прашања, црта и пишува на табла, подготвува наставен материјал, поттикнува размислување.

## 4.3. Организација и реализација на наставата по предметот

За остварување на целите зацртани во Програмата, наставата се организира и реализира како стручно теоретска. Карактерот на овој наставен предмет бара специјализирана училница- кабинет опремена со потребните средства и помагала.

## 4.4. Наставни средства и помагала

Ефикасното совладување на содржините на овој предмет е условено со користење на графоскоп, слајд проектор, видеоплеер, слики. За поуспешно совладување на целите на наставната програма се користи соодветна литература и тоа учебник од соодветната дисциплина, наставен материјал подготвен од страна на наставникот. Дополнителна литература за наставници: стручна литература од областа на неврологијата и психијатријата и литература од областа на дидактиката.

# 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на учениците треба да се врши континуирано во текот на целата учебна година. Истото ќе се реализира усно и писмено преку тестови на знаење кои треба да се спроведуваат по секоја или по секоја втора тематска целина. При оценувањето, покрај степенот на совладаноста на содржините треба да се земе предвид и активноста, ангажираноста и интересот на ученикот во текот на наставата. Оценувањето е јавно, односно на

ученикот му се соопштува оценката со образложение што се е вреднувано со дадената оценка. Во едно полугодие, ученикот треба да добие најмалку две оценки.

Доколку ученикот не постигне резултати во остварувањето на целите на Програмата, се постапува согласно законската регулатива за средно образование.

# 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

## 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Основните услови за наставниците во стручното образование се пропишани во Законот за средно образование. Покрај тоа, при изборот на наставниците кои ќе го реализираат овој наставен предмет треба да се задоволат одредени барања со кои ќе се постигне висок квалитет и професионализам во работењето: да се физички и психички здрави, да ги почитуваат основните етички норми на однесување, да го познаваат литературниот македонски јазик, да поседуваат стручно знаење и способност за пренесување на знаењата, да имаат афинитет за педагошка работа, да се креативни и отворени на промените во образованието.

## 6.2. Стандард за наставен кадар

**За**вршени студии по :

1. Специјалистички студии по невропсихијатрија;
2. **М**едицина, VII-1

## 6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

Наставата по предметот невропсихијатрија со нега, ќе се реализира во специјализирана училница- кабинет, опремена со потребните средства и помагала согласно Норматив.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 7.1. Датум на изработка: маj 2002 година

### 7.2. Состав на работната група:

1. Д-р. Николина Пепељугоска, советник,раководител, Биро за развој на образованието-Скопје
2. Доц.др. Весна Пејовска Геразова, доцент, член, Медицински факултет, Скопје
3. в.м.с.Лепа Николовска, наставник, член, ДСМУ "Д-р. Панче Караѓозов", Скопје

Превземена: март 2008

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување:** септември 2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата по *невропсихијатрија со нега*, ја одобри(донесе) министерот за образование и наука со Решение бр, 11-3368/1 од 24.06.2002 година.